Работнички универтзитет “Јоска Свештарот” – Струмица



Љубовна игра I

# КОСТАДИН БАТЕВ
# KOSTADIN BATEV

ЛИКОВЕН САЛОН

## ОСВРТ КОН ИЗЛОЖБАТА

Еросот, што го поседуваме, изразен преку дарбата на сликарот да ги пренесува внатрешните состојби на платното се осликува пред очите на набљудувачот и публиката. Испреплетени тела на партнерите во екстатичен занес ги разменуваат меѓу себе телесните сокови и мирисби, постанувајќи *Едно* во чинот на најискрена пенетрација.

Сексуалноста е главната тема во сликарството на Костадин Батев, а поголемиот дел од изложените слики ја содржат во себе фасцинацијата од чинот на меѓусебното сексуално сплотување.

Сепак преку неколкуте платна сликарот ја покажува и онаа страна што за жал не би сакале да ја видиме. Појавата на негативна сексуалност без разлика дали ќе ја дефинираме како последица на психичко и морално нарушување или право на сексуална ориентација, избрана во согласност со правото да се биде поинаков.

Општествата денес тенденциозно ги експлоатират еротиката и сексот за да постанат едни од најраспространетите производи на масмедиумите на индустријата за забава, а како такви и неделиви од поп-културата и сите нејзини продукти (уметноста, производите за широка потрошувачка, рекламите и дизајнот...). Следејќи ги тенденциите што времето ги налага големот дел од уметниците го демистифицираат сексуалниот чин донесувајќи го некогаш до степен на безинтересна провокација. Батев пак, помалку романтично се навраќа кон експресионистичката фаза на модерната, одбирајќи ја бојата и динамичната линија на цртежот да ја водат приказната.Тој притоа го насликува мотивот задскриен зад испреплетените линии, апстрахирајќи го делумното разложување на фигурите. Свесно ја жртвува поголемиот дел од површината на сликата и ѝ ја одзема третата димензија, фрлајќи го акцентот токму кон фигурите. Бојата како еден од најсилните аргументи во неговото сликарство приметно ја доловува радоста од еротската игра кога е нанесена прочистена и отворена, а темните и непријатни тонови ја сугерираат негативноста на определбата.

Би се согласиле дека чинот на возвишено љубење се смета за вид на естетско доживување. Додека создавањето на високо уметничката форма како и доживувањето при восприемање на уметничкото дело недвојбено потпаѓаат во категоријата на естетиката.

**Нада Пешева**
Ликовен критичар
Историчар на уметност

## REVIEW FOR THE EXHIBITION

On first exhibition of young painter Konstantin Batev, spectators could remark the Eros that we all possess, channeled via painter's talent to express on canvas his inner state of affairs. Interweave their naked bodies' partners are falling into the act of ecstasy, exchanging their own juices and fragrance, turn into *The One* in the moment of truly penetration.
As we cold see from the most of expose Batev's paintings in which is presented his delightedness from sexual interaction, sexuality is at the moment the main topic in his works. Beside joyful moments, he presents us in a few canvas other side that most of us wouldn't be excited to perceive. Existence of negative sexuality whether it could be defined as consequences of ethical or psychological disruption or permission for choosing sexual orientation considering according right to be different.
Society today found mechanism for tendentiously exploitation of erotic and sexuality that result in one of the most profitable product from entertainment industry and mass media. As such product it became permanent part of the pop culture and in the fields of art, design, marketing and industry for widespread stock. As art is product of the society, many artistic works present sexual act demystifying it, trivially provoking the spectators.
Either young Batev romantically go back in modern using well know pattern of expressionism, choosing colour and dynamically painted contour to produce his story. Due to process of painting he decomposed the figures hiding the motif behind chaotic lines. In this process he abstracts the third dimension because of determination of accenting the figure. The colours, strongest argument in his paintings, illustrate joyful erotic dance with usage of light and pure tones from one side and negativity when colour is dark and odious.
Performance of magnificent loving could be considered as form of esthetical perception.
Process of creating of art and perception of work of art are known as categories in the aesthetics.

**Nada Peseva**
Art critic
Historic of art



**БИОГРАФИЈА**

**Костадин Батев роден 1979 година во Струмица. Средно образование завршил во УПУ "Лазар Личеноски" во Скопје 1997. Дипломирал сликарство со насока графички дизајн на ФЛУ во Скопје кај проф. Вело Ташовски во 2004 година. Член на ДЛУС од 2000 година.**

**Адреса:**
**с. Визбегово ул. 3/II бб; 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**Тел: 02 2651 254**
**Моб: 070 860 588**

**ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:**

**Сите годишни изложби на Факултетот за ликовни уметности.**

**2001- Уметничка галерија ,,Благој Јанков Мучето,, - Стримица .Цртеж 2001,,**

**Од денот на членсвото во ДЛУС учествувал на сите изложби во земјата и странство.**

**2002 - Учествувал на колонија - Бардовци / фондација ,,Добредојде,,**



Љубовна игра III



Проститутка



Воајер


Мастурбација


Љубовна игра IV

# КАТАЛОГ:

## СЛИКИ

1. **Мајка со дете**
   Масло на картон 79 x 72 2002

2. **Љубовна игра**
   Масло на картон 100 x 70 2002

3. **Љубовна игра I**
   Масло на платно 117 x 90 2003

4. **Љубовна игра II**
   Масло на платно 117 x 90 2003

5. **Љубовна игра III**
   Масло на платно 117 x 90 2003

6. **Љубовна игра IV**
   Масло на платно 117 x 75 2003

7. **Проститутка**
   Масло на платно 90 x 117 2003

8. **Воајер**
   Масло на платно 90 x 117 2003

9. **Мастурбација**
   Масло на платно 90 x 117 2003

## ЦРТЕЖИ

1. **Женски акт**
   Цртеж - туш / 45 x 59 / 1999

2. **Машки акт**
   Цртеж - туш / 45 x 59 / 1999

3. **Љубовна игра**
   Цртеж - туш / 42 x 30 / 2001

4. **Љубовна игра I**
   Цртеж - туш / 51 x 42 / 2003

5. **Љубовна игра II**
   Цртеж туш / 51 x 42 / 2003

6. **Љубовна игра III**
   Цртеж - туш / 51 x 42 / 2003

7. **Танц**
   Цртеж - креон / 37 x 49,5 / 2003

8. **Девојка**
   Цртеж - темпера / 33,5 x 53 / 2003

9. **Љубомора**
   Цртеж - пастел / 38,5 x 53 / 2003



Љубовна игра II

Издавач: Работнички универзитет „Јоска Свештарот„ – Струмица
За издавачот: Стојан Дончевски
Одговорен уредник: Глигор Бекаров
Фотографии: Наке Батев
Печати: ДИЗАЈН БАТЕВ – Скопје
Тираж: 300 примероци
март 2004